Ни претставува особена чест и задоволство да Ве поканиме да присуствувате на свеченостите по повод одбележувањето на **Денот на Природно-математичкиот факултет - Скопје при Универзитетот “ Св. Кирил и Методиј ” во Скопје**, **16-ти декември**, со следната

П Р О Г Р А М А

18.12.2023 г (понеделник),
Природно-математички факултет-Скопје

12:00 часот
Свеченоста ќе се одржи во амфитеатарот „Ордан Печијаре“- горна зграда

- Обраќања
- Доделување признанија на пензионирани вработени на Природно-математичкиот факултет - Скопје во 2023 година, за нивниот придонес во работата и развојот на Факултетот.
- 20- години непрекинат работен стаж на вработени на Факултетот
- Промоција на магистри
- Доделување на награди на најдобрите дипломирани студенти

13:00 часот
- Промоција на дипломираните студенти на соодветните институти

13 :45 часот
- *Коктел во холот во горната зграда на Факултетот*

Со почит,

Д Е К А Н

Проф. д-р Даворин Трпески

Почитувани магистри,

Ве молиме, на **18.12.2023** година (**понеделник**) од **08:30 до 11:15** часот, да дојдете во Одделението за студентски прашања, за да се потпишете во Главната книга на дипломирани студенти на втор циклус студии, со што ќе добиете право да ги подигнете дипломите.

Ви напоменуваме, да пристигнете најдоцна до **11:15** часот, за да се припремите и да ги облечете свечените одори.

Почитувани дипломирани студенти,

Ве молиме, на **18.12.2023** година (**понеделник**) од **08:30** до **11:30** часот, да дојдете во Одделението за студентски прашања, за да се потпишете во Главната книга на дипломирани студенти на прв циклус студии, со што ќе добиете право да ги подигнете дипломите на соодветните институти.